совет за етика во
медиумите на македонија

08.03.2016г.

## ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на граѓанската асоцијација МОСТ и извршниот директор на асоцијацијата, Дарко Алексов, за прилогот со наслов "Журнал: Како машата во рацете на СДСМ, Дарко Алексов, од предводник на МОСТ, стана инвеститор и сопственик на згради во Бардовци", објавен на 09.02.2016 година, во 12 часот и 16 минути, на Интернет порталот Нетпрес (www.netpress.com.mk)**

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 14.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

совет за етика во
медиумите на македонија

Член 14.

*"Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди продесионална дистанца од политичките субјекти."*

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 11.02.2016 година, граѓанската асоцијација МОСТ и извршниот директор на асоцијацијата, Дарко Алексов, поднесоа жалба за прилогот со наслов "Журнал: Како машата во рацете на СДСМ, Дарко Алексов, од предводник на МОСТ, стана инвеститор и сопственик на згради во Бардовци", објавен на 09.02.2016 година, во 12 часот и 16 минути, на Интернет порталот Нетпрес (www.netpress.com.mk).

Во жалбата се наведува дека во прилогот известувањето е неточно и нефер, нарушена е приватноста и извршена е клевета. Во продолжение на жалбата е наведено дека веста е неточна и шпекулативна и дека не е побарана изјава од извршниот директор на МОСТ, Дарко Алексов.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот Нетпрес, со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Наведениот Интернет портал не достави официјален одговор на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на прилогот е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 24.02.2016 година Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителите граѓанската асоцијација МОСТ и извршниот директор Дарко Алексов и направи увид во наведениот прилог.

***

# совет за етика во медиумите на македонија

Комисијата за жалби најде дека во прилогот со наслов "Журнал: Како машата во рацете на СДСМ, Дарко Алексов, од предводник на МОСТ, стана инвеститор и сопственик на згради во Бардовци", објавен на 09.02.2016 година, во 12 часот и 16 минути, на Интернет порталот Нетпрес, прекршен е членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството и затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори. Новинарот треба да обезбеди "втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Исто така, Комисијата најде дека е прекршен и член 14, според кој известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Филип Ѓурчиновски, Гоце Герасимовски, Сефер Тахири, Беким Ајдини и Теофил Блажевски.

**Се обврзува Интернет порталот Netpress.com.mk, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595